ДРЖАВЕН СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА
ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО И ПРАВДА ЗА ДЕЦА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

# ЗА

# РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА

# ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО И ПРАВДА ЗА ДЕЦА ЗА 2026 ГОДИНА

**ОБЛАСТ:** Заштита на правата и интересите на децата и превенција на детско престапништво во Република Северна Македонија

**БУЏЕТ:** Средствата за имплементација на програмата на Државниот совет се обезбедуваат согласно Законот за правда за децата и истите се во рамки на финансиските средства од Буџетот на Министерството за правда

**ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА:** Државен совет за превенција на детско престапништво

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА:** јануари - декември 2026

Јануари, 2025 година

# ВОВЕД

Со донесување на новиот Законот за правда за децата* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/24), Република Северна Македонија направи голем исчекор во делот на заштитата на правата и интересите на децата. Со новиот Законот за правда за децата* се постигна усогласување со меѓународните стандарди за правда за децата и се создаде еден сеопфатен концепт насочен во полза на децата кои дошле во контакт со правниот систем, а во нивен најдобар интерес. Со новиот Законот за правда за децата* се изврши усогласување со Директивата EU2016/800 на Европскиот парламент и на Советот за процедурални заштитни мерки за децата кои се осомничени или обвинети во кривична постапка и Директивата 2012/29/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2012 година за утврдување минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал и за замена на Рамковната одлука на Советот 2001/220 /JHA.

Овој Закон ги уредува постапките со деца во ризик, деца жртви и сведоци на кривични дела и деца сторители на кривични и прекршочни дела. Воедно законот определува услови за примена на мерки на помош и заштита, воспитни, алтернативни мерки и казни, но и положбата, улогата и надлежностите на органите кои учествуваат.

Државниот совет за превенција на детско престапништво и правда за деца е самостојно и независно тело кое е задолжено за следење на практичната имплементација на Законот, превенирање и следење на состојбите со детското престапништво и правда за деца во Република Северна Македонија. Надлежностите на Државниот совет се наведени во член 178 од Законот за правда за децата* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/24).

Државниот совет во 2026 година ќе продолжи со реализација на активности кои ќе бидат насочени кон финализирање на веќе започнатите активности и согласно Националната стратегија за правда и превенција на детско престапништво 2023-2027 година, како и активности согласно состојбата со детското престапништво и правда за деца во Република Северна Македонија.

Во текот на спроведувањето на Програмата, доколку според проценката на членовите на Државниот совет се јави потреба од нејзино дополнување или унапредување, таа може да биде ревидирана.

# ПРОГРАМА
# ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО И ПРАВДА ЗА ДЕЦА ЗА 2026 ГОДИНА

## 1. Изработување на Годишен извештај за работа на Државниот совет за превенција на детско престапништво и правда за деца за 2025 година

1.1. Изработка и усвојување на новите индикатори за податоците за следење на примената на Законот за правда за децата
1.2. Подготовка на Предлог текст на Годишниот извештај за работа на ДС за 2024 година
1.3. Доставување табели за обезбедување податоци согласно утврдените индикатори до: 8-те Сектори за внатрешни работи, 30 - Центри за социјална работа, јавни обвинителства и судови во Република Северна Македонија;
1.4. Собирање на обезбедените податоци, проверка на истите и нивна обработка;
1.5. Ангажирање на стручно лице за квантитативна обработка на податоците;
1.6. Доставување барања за извештаи со реализирани активности од областа на превенција на детско престапништво до Општинските совети за превенција на детско претспништво, Министерството за образование и наука, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство и Народниот правобранител;
1.7. Изготвување предлог текст на Годишниот извештај на ДС од страна на работната група и негово доставување до сите членови на ДС;
1.8. Разгледување на Предлог текстот на Годишниот извештај;
1.9. Усвојување на Годишниот извештај за 2025 година на седница на Државен совет;
1.10. Објавување на Годишниот извештај за 2025 година на интернет страницата на Државниот совет;
1.11. Доставување на Годишниот извештај за 2025 година до Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија, Судскиот совет на Република Северна Македонија, и до Врховниот суд на Република Северна Македонија, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и до Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, кои се должни да ги разгледаат и доколку оценат дека е потребно, да предложат соодветни мерки и активности, согласно со своите надлежности.

**Индикатори за успешност:** Изготвен Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детското престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво за 2025 година и доставен до релевантните органи.
**Носители на активноста:** Државен совет за превенција на детско престапништво и правда за деца со финасиска поддршка на Министерството за правда.
**Време на реализација:** Прва половина на 2026 година.

## 2. Исполнување на Акцискиот план 2025-2027 година за спроведување на Националната стратегијата за превенција и правда за децата 2025-2027

2.1.Спроведување на Акцискиот план со активностите што се проектирани за 2026 година.

**Индикатор за успешност**: Процент на исполнети обврски најмалку 60% од активностите во Акцискиот план.
**Носители на активноста:** Државен совет за превенција на детско престапништво и правда за деца и надворешни соработници
**Време на реализација:** Континуирано во текот на 2026 година.

## 3.Состојба со општинските совети за превенција на детско престапништво:

3.1.Продолжување со воспоставената соработка со претседателите и членовите на општински совети за превенција на детско престапништво
3.2.Поддршка и градење соработка со градоначалниците и општинската администрација на општините/град Скопје во кои не се формирани општински совети или не се функционални;
3.3.Остварување на редовна комуникација со градоначалниците на општините/град Скопје во кои се формирани општински совети, следење на актуелните состојби со детското престапништво и презентирање на улогата и надлежностите на ДС пред членовите на општински совети;
3.4.Разгледување на извештаите од реализираните средби со градоначалниците на општините/град Скопје;
3.5.Разгледување на годишните извештаи за работата на општинските совети за превенција на детско престапништво и анализа на спроведените програми.

**Индикатори за успешност:** Најмалку два новоформирани општински совети, најмалку остварени три средби со претседатели на општински совети, градоначалниците на општините/град Скопје, изготвени и разгледани извештаи.
**Носители на активноста:** Државен совет за превенција на детско престапништво и правда за деца со поддршка на Министерство за правда и соработка со ЗЕЛС.
**Време на реализација:** Континуирано во текот на 2026 година.

## 4.Тематски расправи

4.1. Разгледување на извештаи и информации од министерства и други надлежни органи на државата управа и институции поврзано со превенција на детското престапништво и правда за деца
4.2. Разгледување извештаи и документи донесени од страна на меѓународни тела, органи и организации поврзано со превенција на детското престапништво и правда за деца

4.3. Разгледување на други извештаи и анализи на актуелни превентивни теми, а согласно Законот за правда за децата, доставени од институциите и граѓански организации
4.4. Разгледување на состојбата со ВПД

4.5.Разгледување на предлози за законски измени и унапредување на регулативата
4.6. Разгледување на активности поврзани со спречување насилство, користење алкохол, дроги и други психотропни супстанции

**Индикатори за успешност**: Одржани најмалку шест тематски расправи, усвоени заклучоци и нивна дисеминација до релевантните тела и органи.
**Носители на активноста:** Министерство за правда, Министерство за образование и наука, Министерство за внатрешни работи, Министерство за здравство, Народен правобранител, Министерство за социјална политика, демографија и млади, Министерство за локална самоуправа, ЈУ - Завод за социјални дејности, Врховен суд на РСМ, Јавно обвинителство на РСМ, Адвокатска комора, ГО и други.
**Време на реализација:** Континуирано во текот на 2026 година.

## 5.Воспоставување на меѓународна соработка и зајакнување на капацитетите на членовите на ДС

5.1.Воспоставување на меѓународна соработка со тела/организации, а со цел размена на информации и позитивни искуства во делот на спроведување на заштита на правата на децата и превенција на детското престапништво;
5.2.Учество на обуки, работилници, семинари, конференции, дебати, тркалезни маси од страна на членовите на Државниот совет во и надвор од земјава.

**Индикатори за успешност**: Реализирана соработка на меѓународно ниво преку соработка со тела/организации од други земји кои се грижат за заштита на правата и интересите на децата и за превенција на детско престапништво, учество на меѓународни конференции на членови на Државниот совет или со пишани трудови.
**Носители на активноста**: Државен совет за превенција на детско престапништво и правда за деца со финансиска поддршка на Министерство за правда и надворешни соработници, донатори и поддржувачи.
**Време на реализација:** Континуирано во текот на 2026 година.

## 6. Поддршка на превентивно – едукативни проекти од областа на превенција на детско престапништво

6.1. Објавување на превентивно програми и едукативни материјали и програми, пристапи и алатки во делот на заштита на правата и интересите на децата и превенција на детско престапништво по проценка на Државниот совет.

**Индикатори за успешност:** Практична реализација на проекти со превентивен карактер, спроведена евалуација на проектот и поднесен извештај.
**Носители на активноста**: Државен совет за превенција на детско престапништво и правда за деца со финансиска поддршка на Министерство за правда и надворешни соработници.
**Време на реализација:** Континуирано во текот на 2026 година.

## 7. Следење на меѓународни документи од областа на превенција на детското престапништво и зајакнување на капацитетите на Државниот совет

7.1.Разгледување, споредување и анализа на документи од Советот на Европа, ЕУ, Комитетот за правата на детето, ООН и други организации кои се однесуваат на правата на детето и превенција на детско престапништво.

**Индикатори за успешност**:
-Стекнати нови знаења (искуства) од областа на меѓународното право за состојбите и проблемот со детското престапништво и презентирање на стекнатите знаења и размена на искуства пред членовите на седниците на ДС преку усно или писмено излагање и
-Следење и анализа на најмалку пет релевантни меѓународни документи
**Носители на активноста**:Државен совет за превенција на детско престапништво и правда за деца со финансиска поддршка на Министерство за правда и надворешни соработници.
**Време на реализација:** Континуирано во текот на 2026 година.

## 8.Покренување иницијативи

8.1.Покренување иницијативи за соработка со институции, предлози за дополнувања или измени во постоечката законска регулатива со цел усогласување, предлози за подобрување на услови и третман на децата во ризик, деца жртви и деца во судир со законот и други видови на злоупотреба и занемарување, реакции по однос на констатирани кршења на правата на децата:
8.2.Покренување иницијативи од страна на Државниот совет за воспоставување соработка со институции и тела кои работат со деца, училишта, посета на институциите во кои се сместени деца, констатирање на кршење на правата на децата и реакции во врска со констатираните прекршувања ;
8.3.Давање предлози и иницијативи до релевантните органи - тела во РСМ за подобрување и надминување на констстираните состојби при посетите на институциите од страна на членови на Државниот совет.
**Индикатори за успешност**: Поднесени најмалку пет иницијативи и постигнати промени, посетени институции.
**Носители на активноста**: Државен совет за превенција на детско престапништво и правда за деца со финансиска поддршка на Министерство за правда и надворешни соработници.
**Време на реализација:** Континуирано во текот на 2026 година.

## 9. Функционирање и редовно ажурирањена интернет страницата на ДС

9.1. Одржување и редовно ажурирање на интернет страницата на ДС

**Индикатори за успешност**: Функционирање и ажурирање на интернет страницата на ДС со ангажирање на фирма од страна на Министерството за правда
**Носители на активноста**: Државен совет за превенција на детско престапништво со финансиска поддршка на Министерство за правда и надворешни соработници.
**Време на реализација:** Континуирано во текот на 2026 година.

## 10. Публикација на материјали

10.1.Публикување на материјали изготвени од страна на Државниот совет на интернет страницата на ДС;

10.2. Публикување на други материјали, анализи, информации поврзани со превенција на детското престапништво на интернет страницата на Државниот совет;
10.3.Публикување на Годишниот извештај на Државниот совет на интернет страницата на ДС;

**Индикатори за успешност**: Изготвени и публикувани материјали на Државниот совет на интернет страницата на ДС.
**Носители на активноста**: Државен совет за превенција на детско престапништво и правда за деца со финансиска поддршка на Министерство за правда и надворешни соработници.
**Време на реализација:** Континуирано во текот на 2026 година.